**РЕФЕРАТ**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА ТЕАТРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЛМСКИ УМЕТНОСТИ ПРИ ИНТЕРНАЦИОНАЛНИОТ УНИВЕРЗИТЕТ ЕУРОПА ПРИМА - СКОПЈЕ**

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје, на седницата одржана на ден 30.04.2025 година, донесе Одлука со која не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по група предмети од областа **Театрологија,** 60801 Фраскатиева класификација**,** во сите наставно научни звања на Факултетот за филмски уметности.

На конкурсот за избор на наставници во сите наставно-научни звања: Научно подрачје: Хуманистички науки, Поле:608 Драмски уметности, Област: 60801 (**Театрологија**) (Фраскатиева класификација), објавен во весникот „Нова Македонија" од 11.04.2025 година, се пријави и поднесе документација кандидатот **д-р Сашо Димоски.**
Заблагодарувајќи се на довербата, формираната Рецензентска комисија, во состав:

**Проф. Јордан Плевнеш,**
**Проф. Дејан Пројковски,**
**Вонр. Проф. Гоце Ристовски,**

врз основа на увидот во документите, има чест на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима - Скопје да му го поднесе следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Сашо Димоски е еден од најактивните и најпродуктивните современи македонски драмски уметници, чие творештво е одбележано со силна авторска позиција, интердисциплинарност и меѓународна присутност. Роден во Охрид во 1985 година, тој докторирал на Факултетот за драмски уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што се стекнал со научно и уметничко образование кое подоцна го трансформирал во импресивна професионална кариера како писател, драматург, истражувач, преведувач, уметнички директор и универзитетски професор.

Од моментот на неговиот избор во звање доцент на Универзитетот „Еуропа Прима" во Скопје во август 2020 година, Димоски покажал континуирана и динамична ангажираност во областа на книжевноста, театарот и високото образование. Во периодот меѓу 2020 и 2025 година, неговата продукција вклучува објавување на значајни авторски и уреднички дела.

Помеѓу нив се издвојуваат поетската книга *Музеј на заборавот*, добитник на наградата „Антево перо“, збирката драмски текстови *Текстови за сценска изведба*, тритомната хрестоматија *Нова античка драма* (каде настапува како приредувач), студијата *8/4*, монографијата *Четврт век Интернационален фестивал на монодрама Битола*, како и бројни текстови објавени во меѓународни списанија и хрестоматии. Во полето на преведувачката дејност, исто така е активен, со адаптации на драмски текстови од англиски и француски јазик, поставени на реномирани сцени во земјата.

Како автор и драматург, Димоски има учествувано во реализација на повеќе од триесет сценски продукции во национални театри во Македонија, Србија, Бугарија, Хрватска, Унгарија, Полска, Јужна Кореја и други држави. Во таа рамка, ги потпишува текстовите и драматургиите за претставите *Војна и мир: приказната на Електра*, *Едвард Втори*, *Алма Малер*, *Уберменш*, *Петтото годишно време*, *Инферно*, *Собирачи на пердуви*, *Демони*, *Рацин*, *Госпоѓиците од Авињон*, *Парламентарки*, *Кралските копилиња*, *Црвената соба*, и многу други. Во повеќето од овие проекти, Димоски соработува со врвни режисери и ансамбли, а неговите дела се презентирани на истакнати фестивали како МОТ – Скопје, МЕСС – Сараево, МТФ Војдан Чернодрински – Прилеп, Интернационален фестивал на монодрама – Битола, Охридско лето, MITEM – Будимпешта, Националниот театарски фестивал во Јужна Кореја, и други.

Во својот научноистражувачки домен, Димоски објавува текстови во списанија со меѓународен рецензентски одбор, како што се *Scenarium* (Будимпешта), *Ars Academica* (УКИМ), и *Современи дијалози*, а во соработка со колешката Билјана Крајчевска разработува прашања поврзани со авторската функција на драматургот. Покрај тоа, раководел со проект за дигитализација и интерпретација на архивата на НТ „ЈХК Џинот“ – Велес, и редовно учествува на меѓународни конференции, тркалезни маси и работилници во Унгарија, Бугарија, Кореја и Македонија. Особено значаен е неговиот придонес во организирање и модерирање на конференции со теми поврзани со македонската драмска литература, античкиот театар и културната политика.

Во периодот 2020–2024, Димоски бил директор на Народниот театар „ЈХК Џинот“ во Велес, каде што успешно го раководел и Интернационалниот фестивал на античка драма – Стоби. Во рамки на неговата извршна продукција, реализирани се низа претстави кои добиваат домашни и меѓународни награди, меѓу кои се АСКЕЕР наградите во Бугарија за најдобра претстава (*Без крв*), најдобра режија (Диана Добрева), костимографија и сценографија, како и награди на фестивалите во Смедерево, Сараево, Подгорица, Пловдив, Прилеп, Будимпешта и други. Неговото либрето за балетската претстава *Госпоѓиците од Авињон* е поставено на сцената на Националната Опера и Балет во Скопје, а текстот е откупен од Министерството за култура.

Димоски е добитник на повеќе национални и меѓународни награди и признанија. Меѓу нив се издвојуваат: *Антево перо* за поетската книга *Музеј на заборавот*, *Еуродрам* за драмата *Помеѓу змејот и неговиот бес*, признание на Театарската асоцијација на Јужна Кореја како прв меѓународен член на нивниот фестивал, како и престижното признание *Успешни млади*

доделено од Претседателот на Р. С. Македонија за неговата уметничка работа во 2020 година. Член е на неколку меѓународни уметнички и академски организации, вклучувајќи ги CIEL и ICIL од Рен, Франција.

Во своето универзитетско делување, Димоски предава на Факултетот за филмски уметности при Универзитетот „Еуропа Прима“ во Скопје, на предметите Историја и теорија на светска драма и театар. Неговото искуство, продуктивност и интернационален ангажман го позиционираат како силен кандидат за унапредување во звањето вонреден професор, со препознатлива дејност која рамноправно го обединува творештвото, научноистражувачката работа и педагошката мисија.

На крајот од табеларниот приказ на сите активности, вклучена е и биографијата на д-р Димоски.

**БИБЛИОГРАФИЈА,** авторски книги

| НАСЛОВ | ЖАНР | ИЗДАВАЧ | ГОД |
|---|---|---|---|
| *Музеј на заборавот* | Поетска книга (награда *Антево перо*) | ТРИ, Скопје, Р. С. Македонија | 2024 |
| *Четврт век Интернационален фестивал на монодрама Битола* | Монографија<br>Коавтор: Билјана Крајчевска<br>Превод на англиски јазик: Снежана Крајчевска-Плушковска | НУ Центар за култура, Битола | 2024 |
| *Текстови за сценска изведба* | Собрани авторски драмски текстови | Култура АД Скопје, Р. Македонија | 2023 |
| *Нова античка драма III* | Хрестоматија (приредувач) | Полица, Скопје, Р. С. Македонија | 2023 |
| *Нова античка драма II* | Хрестоматија (Приредувач) | Полица, Скопје, Р. С. Македонија | 2022 |
| *Нова античка драма I* | Хрестоматија (Приредувач) | Полица, Скопје, Р. С. Македонија | 2021 |
| *8/4* | Собрани театролошки студии (МКД/АНГ) | Култура АД Скопје, Р. Македонија | 2020 |

**БИБЛИОГРАФИЈА,** преводи

| НАСЛОВ | ЖАНР | ПРОДУКЦИЈА | ГОД |
|---|---|---|---|
| *Илузии,*<br>Иван Вирипаев | Драмски текст,<br>Превод од англиски јазик | НТ ЈХК Џинот, Велес | 2024 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Lui et Elle,*<br>Jean Pierre Martinez | Драмски текст,<br>превод од француски ј. | НТ ЈХК Џинот, Велес | 2020 |

**БИБЛИОГРАФИЈА**, драмски текстови во хрестоматии

| НАСЛОВ НА ТЕКСТ | ИЗДАВАЧ И УРЕДНИШТВО | ГОД |
|---|---|---|
| *Помеѓу змејот и неговиот бес*<br>(драмски текст)<br>in: *ЕУРОДРАМ, избор нови македонски драми* | МТФ *Војдан Чернодрински*, Прилеп<br>Уредник: Иван Додовски | 2020 |

**БИБЛИОГРАФИЈА,** научни списанија со меѓународен одбор

| НАСЛОВ НА ТЕКСТ<br>И БИБЛИОГРАФСКА ЕДИНИЦА | ИЗДАВАЧ И УРЕДНИШТВО | ГОД |
|---|---|---|
| *Without blood: Sui generis* | Scenarium XIII 2025<br>A Nemzeti Szinhaz muvezsti folyorata<br>National theatre Budapest, Hungary | 2025 |
| *Genre migration:*<br>*"Without blood" A. Barrico/D.Dobreva* | Journal *Ars Academica*<br>FDA FMA UKIM Skopje, R. N. Macedonia<br>International board of editors | 2025 |
| *Авторската функција на драматургот во современите театарски форми*<br>(коавторски текст со Б. Крајчевска) | Списание *Современи дијалози* бр.13<br>Уредник: проф.д-р Д. Андоновска-Трајковска; меѓународен одбор | 2023 |

**БИБЛИОГРАФИЈА, списанија**

| НАСЛОВ НА ТЕКСТ<br>И БИБЛИОГРАФСКА ЕДИНИЦА | ИЗДАВАЧ И УРЕДНИШТВО | ГОД |
|---|---|---|
| Стоби 2021: Ретроспектива | Списание Театарски гласник,<br>Драмски театар Скопје | 2021 |

**БИБЛИОГРАФИЈА, раскази во хрестоматии**

| НАСЛОВ НА ТЕКСТ<br>И БИБЛИОГРАФСКА ЕДИНИЦА | ИЗДАВАЧ И УРЕДНИШТВО | ГОД |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| *Планот на куќата* | Списание Стремеж, НУЦК М. Цепенков, Прилеп | 2022 |
| *Практикум по анатомија за прва година* (расказ) | Списание Стремеж, НУЦК М. Цепенков, Прилеп | 2021 |
| *Болест, љубов моја, болест* (расказ) | Списание Стремеж, НУЦК, М. Цепенков, Прилеп | 2020 |

**БИБЛИОГРАФИЈА,** каталози

| НАСЛОВ НА КАТАЛОГ | ИЗДАВАЧ | ГОД |
|---|---|---|
| *Летаргија,*<br>Ангел Коруновски | Музеј на град Скопје, Р. С. Македонија | 2024 |
| *Реинвенција на реалноста*<br>Ангел Коруновски | НУЦК Куманово, Р. Македонија | 2024 |
| *Symbiotics*<br>Ангел Коруновски и Филип Коруновски | МКЦ, Скопје, Р. М. | 2023 |
| *The chaotic cosmos*,<br>exhibition by Angel Korunovski | Prima center Berlin, Germany | 2020 |

**ТЕАТРОГРАФИЈА,** авторски текстови

| НАСЛОВ | ПОЗИЦИЈА | ПРОДУКЦИЈА И РЕЖИЈА | ГОД |
|---|---|---|---|
| *Војна и мир: приказната на Електра* | Автор на текст и драматург на претставата | Театарска асоцијација на Јужна Кореа<br>Национален театарски фестивал Инчеон,<br>Фестивал Охридско лето, Р. С. Македонија<br>Режија: Дејан Пројковски | 2025 |
| *Alma Mahler* | Автор на текст | Театар *Тим,* Лублин, Полска<br>Culture moves Europe, Goethe institute<br>Режија и изведба: Дениз Абабеи | 2024 |
| *Едвард Втори (според К. Марлоу)* | Коавтор на текст заедно со Андриј Жолдак | НТ ЈХК Џинот, Велес и ДТ Н. О. Масалитинов, Пловдив, режија: А. Жолдак | 2023 |
| *Уберменш* | Автор на драмски текст | Драмски театар „С. Бочваров“, Варна, Р. Бугарија<br>Режија: Васил Зафирчев | 2023 |
| *Петтото годишно време* | Адаптација на авторски роман | НТ ЈХК Џинот, Велес;<br>режија: Васил Зафирчев | 2021 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *ХероI 04:33* | Текст и концепт за театарска инсталација | НТ ЈХК Џинот, Велес<br>Режија: Деан Дамјановски | 2020 |

**ТЕАТРОГРАФИЈА,** адаптации за сцена и драматургија

| НАСЛОВ | АКТИВНОСТ | ПРОДУКЦИЈА И РЕЖИЈА | ГОД |
|---|---|---|---|
| *Мајка од Ф. Зелер* | Драматург на претставата | НТ ЈХК Џинот, Велес,<br>Режија: Јордан Витанов | 2025 |
| *Велика* | Адаптација на ”Пиреј” од П. М. Андреевски | La Mama theatre, Australia<br>Mother tongue festival<br>Режија и изведба: Дона Димовски Кантаровски | 2024 |
| *Рацин* | Драматург на претставата | НТ ЈХК Џинот, Велес<br>Фестивал *Охридско лето*<br>Режија: Дејан Пројковски | 2024 |
| *Демони* | Адаптација на романот на Ф. М. Достоевски | Национален театар Дебрецен, Унгарија<br>Режија: Дејан Пројковски | 2024 |
| *Декмамерон* | Автор на премиси за претставата | Градско позориште Подгорица, Р. Црна Гора, НТ Ниш, Р. Србија, фестивал Барски летопис, Бар, Р. Црна Гора; режија: Дејан Пројковски | 2023 |
| *Едвард Втори* | Драматург на претставата | НТ ЈХК Џинот, Велес и ДТ Н.О. Масалитинов, Пловдив<br>Режија: Андриј Жолдак | 2023 |
| *Собирачи на перје* | Адаптација на филмско сценарио; автор: А. Петковиќ | Српско Народно Позориште, Нови Сад, Р. Србија<br>Режија: Дејан Пројковски | 2023 |
| *Нема струја за електричниот стол* | Драматур на претставата<br>Автор: А. Секулов | НТ ЈХК Џинот, Велес<br>Режија: Дејан Пројковски | 2023 |
| *Инферно* | Драматург, според Д. Алигиери | НТ ЈХК Џинот, Велес<br>Режија: Дејан Пројковски | 2022 |
| *Сестрите Прозорови* | Адаптација на текст за изведба според *Три сестри* од Чехов, документаристички и авторски текстови | НТ ЈХК Џинот, Велес<br>Режија: Васил Зафирчев | 2020 |
| *Тој и таа* | Текст за интернет изведба од Ж.П. Мартинез | НТ ЈХК Џинот, Велес<br>Режија: Деан Дамјановски | 2020 |

**ТЕАТРОГРАФИЈА, балетски либрета и балетска драматургија**

| НАСЛОВ | ПРОДУКЦИЈА | ГОД. |
|---|---|---|
| *Госпоѓиците од Авињон* (адаптација на авторски драмски текст во либрето и драматургија на претставата) | Национална Опера и Балет, Скопје<br>Композитор: Калиопи Букле<br>Кореограф: Олга Панго | 2022 |

**ТЕАТРОГРАФИЈА, режија**

| НАСЛОВ | ПРОДУКЦИЈА | ГОД |
|---|---|---|
| *Без судбина,* Имре Кертес | CSAK! Workshop and festival, Csenger, Hungary | 2024 |
| *Петофи во Ченгер* | CSAK! Workshop and festival, Csenger, Hungary | 2023 |

**ТЕАТРОГРАФИЈА, извршна продукција**

| НАСЛОВ | ПРОДУКЦИЈА | ГОД |
|---|---|---|
| *Без крв,* според А. Барико<br>Текст: А. Секулов, режија: Диана Добрева | НТ Џинот, Велес и<br>Драмски театар Н. О. Масалитинов, Пловдив | 2024 |
| *Рацин*<br>Режија: Дејан Пројковски | НТ Џинот, Велес<br>НУ Охридско Лето | 2024 |
| *Мац, мац,* според Тенеси Вилијамс<br>Режија: Филип Петковски | НТ Џинот, Велес<br>Пресврт, Гете институт Минхен | 2024 |
| *Паника* од М. Михали<br>Режија: Александар Ивановски | НТ Џинот, Велес | 2024 |
| *Вечера за глупаци* од Франсис Вебер<br>Режија: Ненад Витанов | НТ Џинот, Велес | 2024 |
| *Драма изгубена во времето* од Сашко Насев,<br>Режија: Деан Дамјановски | НТ Џинот,Велес | 2023 |
| *ИФАД Стоби 2023* | НТ Џинот, Велес | 2023 |
| *Едвард Втори,* според Кристофер Марлоу<br>Режија: Андриј Жолдак | НТ Џинот, Велес и<br>Драмски театар НО Масалитинов, Пловдив | 2023 |
| *Лепа Ангелина* од Благоја Ристески Платнар<br>Режија: Љупчо Георгиевски | НТ Џинот, Велес | 2023 |
| *Нема струја за електричниот стол* од А. Секулов | НТ Џинот, Велес | 2023 |

| | | |
|---|---|---|
| *Режија: Дејан Пројковски* | | |
| *Татко, од Флоријан Зелер*<br>*Режија: Ненад Витанов* | НТ Џинот, Велес | 2022 |
| *Зимска приказна од Катерина Момева*<br>*Режија: Александар Ивановски* | НТ Џинот, Велес | 2022 |
| *Креонт и Антигона, според Софокле*<br>*Режија: Дејан Ангелов* | НТ Џинот, Велес | 2022 |
| *Инферно, според Данте Алигиери*<br>*Режија: Дејан Пројковски* | НТ Џинот, Велес | 2022 |
| *ИФАД Стоби 2022* | НТ Џинот, Велес | 2022 |
| *Елегија во пет здива*<br>Режија и кореографија: Филип Петковски | НТ Џинот, Велес | 2022 |
| ИФАД Стоби 2021 | НТ Џинот, Велес | 2021 |
| *Орестија*<br>Режија: А. Ивановски, Н. Витанов, С. Ристевска, Д. Дамјановски | НТ ЈХК Џинот,<br>Национална Опера и Балет | 2021 |
| *Петтото годишно време,*<br>Режија: Васил Зафирчев | НТ ЈХК Џинот | 2021 |
| *Четири соби*<br>*С. Евтимов/А. Ношпал* | НТ ЈХК Џинот | 2021 |
| *Хероi 04:33*,<br>театарска инсталација за еден гледач; С.Димоски/Д.Дамјановски | НТ ЈХК Џинот, Велес | 2020 |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**

| НАСЛОВ НА ПРОЕКТОТ | ИНСТИТУЦИЈА | ПЕРИОД | ПОЗИЦИЈА |
|---|---|---|---|
| Дигитализација и интерпретација на наследството на НТ ЈХК Џинот, Велес | НТ ЈХК Џинот, Велес | 2020-2021 | Автор и раководител |

**МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ**

| НАСТАН | ПОЗИЦИЈА | ОРГАНИЗАТОР/ ИНСТИТУЦИЈА | ГОД |
|---|---|---|---|
| Меѓународна конференција: Рефлексиите на Рацин во современата македонска култура | Излагач | ИМЈ, Рацинови средби | 2025 |
| Меѓународна конференција: Медитеранот – простор, време, дејство | Модератор и организатор | Драмски театар Н.О. Масалитинов, Пловдив, Р. Бугарија | 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Меѓународна конференција: Македонско-бугарските театарски врски, рецентни состојби и Европски перспективи | Модератор и организатор | Амбасада на Р. Бугарија во Р. С. Македонија и КИЦ на Р. Бугарија во Р. С. Македонија | 2024 |
| International theatre Forum, S. Korea | Излагач | Korean Theatre Association | 2024 |
| Меѓународна научна конференција Рацинови Средби | Модератор и излагач | ИМЈ, Рацинови средби и театар Џинот, Велес | 2022 |
| Меѓународна научна конференција<br>Синтези: Рацин и Конески | Модератор и организатор | ИМЈ, Рацинови средби и театар Џинот, Велес | 2021 |
| Меѓународна научна конференција „Рацинови средби“ | Модератор, учесник и организатор | ИМЈ и ИМЛ при УКИМ,<br>во рамки на Рацинови средби 2020 | 2020 |

**КОНФЕРЕНЦИИ И СИМПОЗИУМИ**

| **НАСТАН** | **ПОЗИЦИЈА** | **ОРГАНИЗАТОР/ИНСТИТУЦИЈА** | **ГОД** |
|---|---|---|---|
| Денови на Благоја Корубин | Учесник | ИМЈ и ИМЛ при УКИМ | 2020 |

**ГОСТУВАЧКИ ПРЕДАВАЊА И РАБОТИЛНИЦИ**

| **НАСЛОВ** | **ИНСТИТУЦИЈА/ОРГАНИЗАЦИЈА** | **ГОД** |
|---|---|---|
| From prose to performance (10 days workshop) | Csenger, Hungary | 2024 |
| From poetry to performance (10 days workshop) | Csenger, Hungary | 2023 |
| Ballet libretto: what it is and how it is done? | Musical theatre Sofia, R. Bulgaria | 2022 |
| Where after drama?<br>Electra: a theatre installation (10 days workshop) | Csheger, Hungary | 2022 |

**ФЕСТИВАЛСКИ УЧЕСТВА: домашни фестивали**

| **ФЕСТИВАЛ** | **НАСЛОВ** | **ГОД** |
|---|---|---|
| МТФ Војдан Чернодрински, Прилеп, Р. М. | Рацин | 2025 |
| МТФ Војдан Чернодрински, Прилеп, Р. М. | Едвард Втори | 2024 |
| МТФ Војдан Чернодрински, Прилеп, Р. М | Нема струја за електричниот стол | 2023 |
| МТФ Војдан Чернодрински, Прилеп, Р. М. | Сестрите Прозорови | 2020 |

| | | |
|---|---|---|
| ФКТ Ристо Шишков, Струмица, Р. М. | Сестрите Прозорови | 2020 |

**ФЕСТИВАЛСКИ УЧЕСТВА: меѓународни фестивали**

| ФЕСТИВАЛ | НАСЛОВ | ГОДИНА |
|---|---|---|
| Национален театарски фестивал на Јужна Кореја | Војна и мир: приказната на Електра | 2025 |
| Варненско културно лето, Р. Бугарија | Без крв | 2025 |
| Интернационален фестивал на монодрама Битола | Алма Малер | 2025 |
| МИТЕМ, Будимпешта, Унгарија | Без крв | 2025 |
| МОТ, Скопје, Р. С. Македонија | Без крв | 2024 |
| Сцена на крстопат, Пловдив, Р. Бугарија | Без крв, премиера | 2024 |
| La Mama’s festival of the mother tongue | Велика | 2024 |
| Меѓународен фестивал на актерот Никшиќ, Р. Црна Гора | Едвард Втори | 2024 |
| МЕСС, Сараево БиХ | Едвард Втори | 2024 |
| Битола Шекспир Фестивал, Битола | Едвард Втори | 2024 |
| ФИАТ, Подгорица, Р. Црна Гора | Нема струја за електричниот стол | 2024 |
| Охридско лето | Рацин (премиера) | 2024 |
| Korean National theatre festival | Жири на 42. Издание на фестивалот | 2024 |
| Фестивал на Солото, Белград, Р. Србија | Дневникот на хулиганот | 2023 |
| Фестивал на Солото, Белград, Р. Србија | Петтото годишно време | 2023 |
| Меѓународен фестивал „Сцена на крстопат“, Пловдив | Едвард Втори | 2023 |
| Охридско лето | Едвард Втори, премиера | 2023 |
| Интернационален фестивал на монодрма, Битола | Член на жири-комисија | 2022 |
| Интернационален фестивал на монодрма, Битола | Петтото годишно време | 2021 |
| Театар на крстопат, Ниш, Р. Србија | Хероi 04:33 | 2021 |
| Сараевска Зима, Сараево, БиХ | Кралските копилиња | 2021 |
| Фестивал Град, Сараево, БиХ | Тој и таа | 2020 |
| Млад отворен театар, Скопје, | Хероi 04:33 (премиера) | 2020 |

**КРУЖНИ МАСИ**

| КРУЖНА МАСА | ОРГАНИЗАТОР | ПОЗИЦИЈА | ГОД |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кружна маса во рамки на МИТЕМ | Фестивал МИТЕМ, Национален театар Будимпешта | Учесник | 2025 |
| Европскиот театар на крстопат | Фестивал Сцена на крстопат, Пловдив, Р. Бугарија | Учесник | 2024 |
| Позицијата на жената во современата култура | Фестивал Сцена на крстопат, Пловдив, Р. Бугарија | Учесник | 2023 |
| Античка плоча, нови искуства | ИФАД Стоби, Велес | Модератор | 2022 |
| Античка плоча, нови искуства | ИФАД Стоби, Велес | Модератор | 2021 |
| Kosovo theater Showcase | Qendra multimedia Prishtina | Учесник | 2020 |

**ЛИЧНИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

| **НАСЛОВ** | **ОРГАНИЗАЦИЈА/ИНСТИТУЦИЈА** | **НАГРАДА** | **ГОД** |
|---|---|---|---|
| „Музеј на заборавот“ | Меѓународна поетска манифестација „Анте Поповски – Антево Перо“ | Антево перо | 2024 |
| Меѓународно признание | Театарска асоцијација на Р. Ј. Кореја,<br>43. Национален театарски фестивал | Признание за прв меѓународен член во историјата на фестивалот | 2024 |
| Признание „Успешни млади“ | Преседател на Република С. Македонија | Најдобар млад уметник за 2020 г | 2021 |
| Помеѓу змејот и неговиот бес | Еуродрам, мрежа на европската драма | Европско признание Еуродрам 2020 | 2020 |

**НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА НА ПРОДУКЦИИ**

| **НАСЛОВ** | **ОРГАНИЗАЦИЈА/ ИНСТИТУЦИЈА** | **НАГРАДА** | **ГОД** |
|---|---|---|---|
| Рацин | МТФ Војдан Чернодрински | Награда за најдобра кореографија и сценски движења<br>за Васил Зафирчев | 2025 |
| Рацин | МТФ Војдан Чернодрински | Награда за најдобра авторска музика<br>за Сашко Костов | 2025 |
| Рацин | МТФ Војдан Чернодрински | Награда за најдобра сценографија<br>за Валентин Светозарев | 2025 |
| Без крв | АСКЕЕР, Р. Бугарија | АСКЕЕР за најдобра претстава<br>Продуценти: Сузана Хартунијан-Василевска и Сашо Димоски | 2025 |
| Без крв | АСКЕЕР, Р. Бугарија | АСКЕЕР за најдобра режија, | 2025 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Режисер: Диана Добрева | |
| Без крв | АСКЕЕР, Р. Бугарија | АСКЕЕР за најдобра костимографија, Костимографи: Раде Василев и Елена Вангеловска | 2025 |
| Без крв | АСКЕЕР, Р. Бугарија | Номинација за најдобра сценографија, Валентин Светозарев | 2025 |
| Без крв | АСКЕЕР, Р. Бугарија | Номинација за најдобра музика, Сашко Костов и Јавор Карагитлиев | 2025 |
| Едвард Втори | Меѓународен фестивал на актерот Никшиќ, Р. Црна Гора | Награда за најдобра споредна машка улога за Васил Зафирчев | 2024 |
| Едвард Втори | Меѓународен фестивал на актерот Никшиќ, Р. Црна Гора | Награда за најдобра главна женска улога за Јована Миладинова | 2024 |
| Едвард Втори | МЕСС Сараево, БиХ | Награда за млада актерка на Јована Миладинова | 2024 |
| Скупљачи перја | Театар у тврђави, Смедерево | Најдобра претстава | 2024 |
| Демони | Национален театар Дебрецен, Унгарија | Претстава на сезоната во категории драма, опера и балет | 2024 |
| Едвард Втори | МТФ Војдан Чернондрински, Прилеп | Награда за млада актерка за Јована Миладинова | 2024 |
| Едвард Втори | МТФ Војдан Чернодрински, Прилеп | Награда за костимографија за Симон Мачабели и Раде Василев | 2024 |
| Скупљачи перја | СНП, Нови Сад | Годишна пофалница | 2024 |
| Едвард Втори | Сцена на крстопат, Пловдив, Р. Бугарија | Награда за вонсериско уметничко остварување на Јована Миладинова | 2023 |

**ЧЛЕНСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

| **Наслов на организација** | **Период** |
|---|---|
| CIEL, center for interculturality, education and languages, Rennes, France | 2021-денес |
| ICIL, Rennes, France | 2021-денес |

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на приложената документација како и преку личниот увид во досегашната плодна и разновидна дејност на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека **д-р Сашо Димоски** со своите творечки и педагошки капацитети, целосно ги исполнува условите за избор во звањето **Вонреден професор** по група предмети од областа **Театрологија,** на Факултетот за филмски уметности при Интернационалниот универзитет Еуропа Прима – Скопје. Рецензентската комисија овој Извештај и заклучоците во него му ги предлага на наставно научниот совет на Факултетот за филмски уметности.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

**Проф. Јордан Плевнеш,**

______________________________

**Проф. Дејан Пројковски,**

______________________________

**Вонр. проф. Гоце Ристовски,**

______________________________

**Скопје, 16.05.2025**